

# HI - TECH

Пишува:
**Александар КЕЛТАНОСКИ**

## БЛИСКА ИДНИНА



Да, тастатурите некогаш биле сведоци на нивното подобрување, како што ќе бидат и на овој прототип на тастатура со дисплеј технологија. Мораме да признаеме дека навистина ова е мастер парче хардвер, кој секој од нас би посакал да го има. Нема повеќе разлики во јазиците кај оваа убавица, репрограмираш и пишуваш, на пример, на француски јазик или малку свириш по клавијатурата. Да не комплицираме, секое копче всушност е мал дисплеј, кој може да се менува по желба на корисникот. Имплементацијата на таквата електроника и составот на дисплејот сигурно ќе биде промовирана со висока цена, но за ваква тастатура сигурно ќе има многу заинтересирани.



## МЕМОРИЈАЛЕН МОДЕЛ ОД LIAN LI



Lian Li фирмата позната по производство висококвалитетни куќишта, мобилни држачи и останати метални потреби за нашите гладни умови го промовираше меморијалниот модел на PC куќишта, во состав на своите 20 години постоење. Моделот PC - 777 не е никаков фосил, полжав или било какво суштество, туку тоа е куќиште кое навистина има необичен изглед, од кого љубителите на овие производи ќе останат без здив. Можности за вградување се 6x5.25 инчи, 6x3.5 инчи интерни со FDD и CD bezel даваат доволен простор за секоја желба. Стандардите се ATX и BTX со ладење со три 120 милиметарски вентилатори со помош на Air Duct системот.

## MICROSOFT VISTA

Microsoft next - generation оперативниот систем го криеше своето име сè до овој момент. Издаден е видеозапис со времетраење од 68 секунди на страницата на Microsoft, кој говори за името Windows Vista за новиот оперативен состав познат под името Longhorn. Новото име и новите термини clear, confident, connected, Microsoft ги поврзува со новиот оперативен состав (чист, уверен, споен). Подобрувањата на новиот оперативен состав се во графичкиот enxin, со поголеми мултимедијални можности, поголема сигурност, полесно користење на мрежата и информациите на организацијата и уште многу повеќе работи, но подобро да не зборуваме премногу за нив, сè додека не се тестира и не се покаже.

RADIO TAXI
Пулстарс
9177